РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 9 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 102/2026 и бр.148/2026), Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16.09.2026 година го донесе следниот

ПРАВИЛНИК
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИНТЕРВЈУ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ИЗБОР И НАЧИНОТ НА ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува начинот на спроведување интервју во постапката за избор на јавен обвинител на јавно обвинителство и јавни обвинители во јавните обвинителства и начинот на претставување на пријавените кандидати за Јавен обвинител на Република Северна Македонија и кандидати за Основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Член 2

(1) Во постапките за избор, со кандидатите кои ги исполнуваат условите од огласот се спроведува интервју.
(2) Претседателот на Советот на јавните обвинители донесува одлука за формирање Комисија за спроведување на интервју која се состои од три члена, од кои еден е Претседател на Комисијата.
(3) Комисијата подготвува план за спроведување на интервјуата, со кој се утврдуваат местото, времето и начинот на нивното спроведување.
(4) Сите членови на Советот може да присуствуваат при спроведување на интервјуто, да поставуваат прашања и да бараат дополнителни појаснувања.

Член 3

(1) Кандидатите се повикуваат на интервју според редоследот објавен на веб-страницата на Советот по азбучен ред, но во зависност од работните обврски на кандидатот редоследот може да биде изменет.

(2) Кандидатите се известуваат за одржување на интервјуто најмалку три работни дена пред денот определен за одржување на интервјуто. Известувањето за интервјуто се доставува по електронска пошта или на друг начин погоден за комуникација.

Член 4

(1) За време на интервјуто на сите кандидати им се овозможува еднаков третман, како и соодветно време за излагање.
(2) Прашањата на интервјуто се формулираат врз основа на критериумите за избор на јавен обвинител во јавното обвинителство и имаат за цел да се утврдат стручните и професионалните квалитети на кандидатот.
(3) За време на интервјуто не се дозволени дискриминаторски прашања, ниту прашања поврзани со приватниот живот на кандидатот. Претседателот на Комисијата има право да не дозволи поставување на прашања од таков карактер.

Член 5

(1) Интервјуто започнува со претставување на кандидатот.
(2) На кандидатите им се поставуваат прашања поврзани со образованието, претходното работно искуство, работни ангажмани, обуки, условите, вештините и знаењата релевантни за јавното обвинителство за кое конкурираат.
(3) Во постапките за избор на јавен обвинител на јавно обвинителство се поставуваат прашања преку кои треба да се утврди дали кандидатот поседува способност за вршење задачи од раководен карактер.
(4) Во постапките за избор на јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во вишите јавни обвинителства и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се поставуваат прашања преку кои треба да се утврди дали кандидатот поседува способност за работење во сложени предмети, организациони способности за вршење на работата и за неговите стручни и професионални квалитети.
(5) Во постапките за избор на јавен обвинител во основно јавно обвинителство се поставуваат прашања поврзани со нивните компетенции, мотивираност за работа и правни вештини.
(6) Во зависност од текот на интервјуто може да се поставуваат и дополнителни прашања.

Член 6

(1) Комисија за спроведување на интервјуто составува записник од спроведеното интервју којшто се доставува на запознавање до сите членови на Советот.
(2) Во записникот, за секој кандидат се внесува името и презимето на кандидатот, времето на разговорот, јавното обвинителство за кое конкурира, како и сумарен приказ на прашањата и одговорите на кандидатот.

Член 7

(1) Советот на јавните обвинители организира претставување на кандидатите кои ги исполнуваат условите во постапките за избор на Јавен обвинител на Република Северна Македонија и Основен јавен обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.
(2) Претставувањето на кандидатите се врши на јавна седница и јавноста не може да биде исклучена во ниеден случај. Доколку се обезбедени технички услови, седницата може да се пренесува во живо.

(3) Одлуката за свикување на седницата и предложениот дневен ред се објавува на веб-страницата на Советот, најмалку 5 работни дена пред денот определен за одржување на седницата. Кандидатите се известуваат за закажаната седница.
(4) На седницата, кандидатите се повикуваат за да се претстават согласно редоследот утврден во кандидатската листа, но во зависност од работните обврски редоследот може да биде изменет.
(5) На сите кандидати им се овозможува еднаков третман при претставувањето, како и соодветно време за излагање.
(6) На седницата, кандидатите ги претставуваат своите професионални биографии, образование, работно искуство, стручни и професионални квалитети, организациски и раководни способности, како и својата визија и приоритети за раководење со јавното обвинителство и унапредување на неговата ефикасност, квалитет и професионалност.
(7) Записникот од седницата за претставување и снимката се објавуваат на веб страницата на Советот во најкраток рок.
(8) Кандидатите може да подготват во писмена форма сумарен приказ од својата професионална биографија, како и визија и приоритети за раководење со јавното обвинителство која Советот ја објавува на својата веб страница.

Член 8

(1) Овој правилник влегува во правна сила со денот на негово донесување.

Бр.02-94/3

Скопје, 16.09.2026 година

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Башким Бесими